**Реден број на прилогот: 28**

| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Историја на античките Македонци 2 (фонд на часови: 2+2) | | | |
| 2. | Код | / | | | |
| 3. | Студиска програма | Историја со архивистика | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт за историја | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Прва година / втор семестар | | Број на ЕКТС- кредити | 6 |
| 8. | Наставник | проф. д-р Стефан Пановски | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): Предметот го опфаќа периодот од владеењето на Александар III до падот на Македонија под римска власт. Целта е студентите подетално да се запознаат со владеењето на Александар, но и со причините поради кои неговата огромна држава нема долго да го надживее; а потоа – за собитијата во периодот во кој најистакнатите војсководци половина век ќе војуваат меѓу себе за неговото наследство. Иако период на борби, тоа е истовремено и период на градење на државните механизми што ќе овозможат на крајот да се формираат неколку поголеми кралства, кои ќе опстојат сè до доаѓањето на Рим. Понатаму, предавањата се фокусираат врз античка Македонија и врз условите во кои Антигонидите конечно ќе завладеат и ќе донесат мир и стабилност во земјата. Тоа ги опфаќа владеењата на Антигон Гоната, Деметриј II, Антигон Досон, Филип V и Персеј. Поради природата на изворите, нагласката е на внатрешната политика, но пред сè политиката во Хелада и односите со останатите хеленистички монархии, во прв ред Лагидите во Египет. Од владеењето на Филип V, фокусот се поместува кон односите со Рим и трите Римско-македонски војни што ќе завршат со уништувањето на македонското кралство. На крајот се обработува неуспешниот обид на Андриск да го обнови кралството, по што античка Македонија станува првата римска провинција на Балканот. | | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма: • Владеењето на Александар III; • Македонија во времето на Александар III и договорот во Бабилон; • Ламиската војна, I Коалиција и договорот во Трипарадејс; • Времето на дијадосите до битката кај Ипсос (со посебен осврт кон владеењето на Касандар); • Македонија од смртта на Касандар до доаѓањето на Антигон Гоната. Антигон Гоната и Пир; • Владеењето на Антигон Гоната; • Лагиди и Селевкиди; • Деметриј II и состојбата во Хелада (Ајтолски и Ахајски сојуз); • Антигон Досон и Хеленската Симахија; • Владеењето на Филип V; • Владеењето на Персеј и III Македонска војна; • Македонските мериди, Андриск и создавањето на провинција Македонија. | | | | | |
| 12. | Методи на учење: компаративен, критичко-аналитички | | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 60 часови (2+2) + 120 | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | | 30 часа |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | | 30 часа |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | 25 часа |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | 25 часа |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | | 70 часа |
| 17. | Начин на оценување | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17.1. | Тестови | Минимум 36, максимум 70 бодови |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | 15 бодови |
| | 17.3. | Активност и учество | 15 бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | нема | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | континуиран | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Ф. Папазоглу | Историја на хеленистичкиот период | Скопје: Догер | 1995 |
| | | 2. | G. Shipley | The Greek World after Alexander, 323-30 BC. | London: Routledge. | 2000 |
| | | 3. | R. M. Errington | A History of Macedonia | Berkeley: University of California Press | 1990 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | R. M. Errington | A History of the Hellenistic World 323-30 BC | Oxford: Blackwell | 2008 |
| | | 2. | J. Roisman & I. Worthington (eds). | A Companion to Ancient Macedonia | Malden-Oxford: Wiley-Blackwell | 2010 |
| | | 3. | A. Erskine (ed.) | A companion to the Hellenistic world | Oxford-Malden: Blackwell | 2005 |